Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден дневните настани 16.04.2022

На 15.04.2022 во 21.00 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Ф.К.(19) од Скопје затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 19.00 часот пред угостителски објект на подрачје на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Д.Д.(25) затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 16.00 часот во Полициска станица Аеродром Е.К.(48) од Скопје пријавила дека на бул. Видое Смилевски Бато била касната од куче скитник.

На 15.04.2022 во 12.00 часот во Полициски станица Драчево Ј.С.(33) пријавила дека во близина на игралиште на ул. Коперникова нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 15.04.2022 во 23.00 часот во Полициска станица Драчево Е.Р.(41) пријавила дека на ул.Јанко Мишиќ нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 15.04.2022 во 22.15 часот пред угостителски објект на подрачје на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Б.Г.(21) од Куманово затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Одделенијата за криминалистички работи во Единиците за внатрешни работи при СВР Скопје, во содејство со Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Скопје, во периодот од 08.04-15.04.2022 година преземаа мерки и активности за спречување на „питачење".Притоа, лишени од слобода биле С.К.(26), Б.Б.(33) и Е.Л.(30) сите од Скопје. С.К. и Е.Л. заедно со своите малолетни деца, и малолетник чиј старател/родител е Б.Б. биле затекнати при питачење на крстосници и булевари и пред верски објекти на подрачјето на Скопје, со ним вели извршен службен разговор и по целосното документирање на случајот против нив ќе следат кривични пријави, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.201 од Кривичниот законик.

Во текот на вчерашниот ден (15.04.2022) во периодот од 09.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. Притоа, санкционирани се 146 пешаци од кои, 118 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин, 18 за минување на црвено светло… За време на контролата регистрирани се и 124 останати прекршоци.

На 15.04.2022 околу 18,30 часот е пријавено дека во Куманово, на бул.„3-та Македонска ударна бригада" се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко моторно возило „БМВ" со кумановски регистарски ознаки управувано од Б.Ќ.(19) од Куманово, мотоцикл „Јамаха" без регистарски ознака, управуван од 17 годишник од с.Биљановце, кумановско и пикирани патничко возила „БМВ" „Ауди" и „Сеат". Возачот на мотоциклот и неговиот 15 годишен сопатник биле пренесени во Ургентен Центар-Куманово каде од доктор кај сопатникот е констатирана повреда, а кај возачот е констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Куманово.

Во текот на вчерашниот ден (15.04.2022) СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на Куманово изречени се вкупно 51 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 33 санкции,7 за непропуштање пешаци на пешачки премин,8 за недозволено запирање и паркирање и 3 санкции за возење без возачка дозвола.

На 15.04.2022 во 23.40 часот на подрачје на Гази Баба од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода И.О.(20) од Скопје затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04. и 16.04.2022 на подрачјето на Скопје полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во соработка со Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје преземаа акција за откривање и сузбивање на улични дилери со дрога при што лишени до слобода се пет лица и тоа:
- на подрачје на Аеродром е лишен од слобода Т.Ј.(31) од Скопје затоа што по извршен претрес по издадена судска наредба во неговиот дом се пронајдени марихуана и две дигитални ваги,
- на подрачје на Карпош се лишени од слобода Б.Т.(50) и Д.Т.(50) двајцата од Скопје затоа што кај Д.Т. се пронајдени марихуана и прашкаста материја и
- на подрачје на Карпош се лишени од слобода И.П.(32) и М.Д.(37) двајцата од Скопје затоа што по извршен претрес по издадена судска наредба во домот на М.Д. е пронајдена марихуана.
По целосно документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 15.04.2022 на подрачје на Кисела Вода од полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Кисела Вода при СВР Скопје се лишени од слобода М.К.(19) и А.И.(32), двајцата од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека се обидуваат да извршат кривично дело „Тешка кражба" казниво по чл. 236 во врска со чл.19 од Кривичниот законик. За настанот е известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 20.50 часот на подрачје на Аеродром од полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар при СВР Скопје е лишен од слобода Г.С.(53) од Скопје кој бил баран по централна потерница, по наредба на Основен кривичен суд Скопје со која му е одредена мерка притвор. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Аеродром за понатамошна постапка.

На 15.04.2022 во 10,00 часот во Полициска станица Гевгелија М.Ј.(57) од Гевгелија, вработен во ЕВН-КЕЦ-Гевгелија пријавил дека во 07,00 часот од непознат сторител насилно бил отворен прозорец од главната трафостаница во Богданци која се наоѓа на заобиколниот пат кај раскрсница кон с.Стојаково и се одземени бакарни шини. Увид на местото на настанот извршила екипа од ОВР Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2022 во 03,00 часот во близина на пекара на подрачје на Гостивар од полициски службеници во Полициска станица Гостивар се лишени од слобода Н.С.(21) од Р.Србија и Ѓ.С.(20) од Гостивар затоа што заедно со уште две лица физички го нападнале М.Д.(24) од Гостивар. За настанот е известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2022 во времето од 15,00 до 16,00 часот во Кочани по претходна судска наредба од Основен суд Кочани од полициски службеници од СВР Штип и ОВР Кочани се лишени од слобода С. А.(20) и Н. А.(21) двајцата од Кочани, затоа што по извршен претрес во домот на С.А. во Кочани пронајдена и одземена е прашкаста материја и други предмети. За настанот е известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 00.16 часот во близина на продавница во Битола од полициски службеници од СВР Битола е лишен од слобода З.В.(53) од Битола затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници при превземање на службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 13,06 часот во СВР Куманово, С.Ѓ. од с.Конопница, кривопаланечко пријавил дека во с.Конопница на место викано „Трнци" на имот сопственост на С.Ѓ. и Г.Ѓ. настанал пожар при што биле зафатени два помошни објекти и едно патничко моторно возило. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Крива Паланка, а повредени лица нема. Увид на местото на настанот ќе се врши во текот на денот.

На 15.04.2022 во 14,10 часот во Полициска станица Гази Баба е пријавено дека на 14.04.2022 Х.С.(19) од Скопје се вратила во установата откако на 10.04.2022 била пријавена дека се оддалечила од Државен училишен центар за образование и рехабилитација на подрачје на Гази Баба.

На 16.04.2022 во 09.45 часот во Полициска станица Аеродром И.С.(29) од Скопје пријавила дека на ул.23ти Октомври била касната од куче скитник.

На 16.04.2022 околу 00.30 часот во Полициска станица Драчево С.С.(42) од Скопје пријавил дека во близина на угостителски објект на подрачје на Драчево бил физички нападнат од А.Р.(59) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2022 во 14,30 часот во Полициско одделение Матејче М.М.(46) од с.Матејче пријавил дека на 14.04.2022 околу 22,30 часот во с.Матејче неговиот син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2022 во 22.40 часот во СВР Охрид А.А.(37) од с.Г.Строгомиште пријавил дека околу 21.40 часот пред угостителски објект во с.Зајас бил физички нападнат од А.С. од Кичево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2022 во 01.10 часот во Полициско одделение Осломеј М.С.(31) од с.Цревеци пријавил дека на 14.04.2022 околу 22.30 часот во склад од фирма во с. Гарани додека бил на своето работно место по претходна расправија бил физички нападнат од Б.К.(48) и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2022 во СВР Битола А.П.(34) од Битола пријавил дека околу 05,30 часот на улица Никола Тесла во Битола настанал пожар во патничко моторно возило „ауди", сопственост на фирма од Битола. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 15.04.2022 година во 23.30 часот во СВР Струмица М.П.(54) пријавил дека во Струмица по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Т.Т. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2020 околу 09.55 часот во СВР Велес од итна медицинска помош е пријавено дека се повредил Г.Н.(39) од с.Извор при работа во стовариште за градежни материјал во Велес при што во Општа болница Велес од доктор му се констатирани тешки телесни повреди и укажана му е лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 16.04.2022 во 04.20 часот во Полициска станица Неготино од итна медицинска помош Неготино е пријавено дека кај нив на преглед се јавила Р.В.(35) од Неготино која во Неготино била удрена од едно лице со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2022 во 04.40 часот во ОВР Кавадарци Б.Ч.(30) од Кавадарци пријавил дека околу 04.10 часот пред угостителски објект во Кавадарци бил физички нападнат од Ѓ.В. и С.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2022 во 03.35 часот во с. Камењане, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово се лишени од слобода П.С(31), Х.З.(55) и Л.П.(27) сите од с. Доброште, тетовско затоа што кај Х.З. и Л.П. е пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 22.10 часот пред угостителски објект во Охрид од полициски службеници од СВР Охрид е лишен од слобода Н.Л.(38) од Битола затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2022 во 20.03 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Бит Пазар Е.Џ.(21) и Х.С. (20) биле физички нападнати од неколку лица, а Е.Џ. бил повреден со остар предмет. Двајцата околу 20.45 часот се јавиле на преглед во Градската општа болница „Наум Охридски" каде од доктор им се констатирани повреди. Истите изјавиле дека повредите им се нанесени од А.Д. и уште неколку лица, при што еден од напаѓачите испукал еден куршум во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.